**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 јуни 2024 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: мај 2024 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити во мај 2024 година изнесува 5,49% и на месечна основа е намалена за 0,02 п.п., при годишен раст од 0,40 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити бележи месечно и годишно зголемување од 0,04 п.п. и 0,64 п.п., соодветно и изнесува 1,86%.

- Овој месец, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2] изнесува 5,19% и забележа месечен и годишен пад од 0,28 п.п. и 0,13 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 2,36% и на месечно ниво е намалена за 0,18 п.п., во услови на годишен раст од 0,43 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 5.2023 | 6.2023 | 7.2023 | 8.2023 | 9.2023 | 10.2023 | 11.2023 | 12.2023 | 1.2024 | 2.2024 | 3.2024 | 4.2024 | 5.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.09** | **5.12** | **5.49** | **5.49** | **5.49** | **5.49** | **5.48** | **5.47** | **5.55** | **5.52** | **5.50** | **5.51** | **5.49** |
| Корпоративен сектор | 4.81 | 4.86 | 5.36 | 5.36 | 5.37 | 5.37 | 5.36 | 5.33 | 5.44 | 5.40 | 5.35 | 5.35 | 5.31 |
| Домаќинства | 5.34 | 5.35 | 5.61 | 5.61 | 5.61 | 5.60 | 5.59 | 5.59 | 5.65 | 5.64 | 5.65 | 5.65 | 5.65 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.32** | **5.26** | **5.57** | **5.53** | **5.49** | **5.55** | **5.38** | **5.21** | **5.22** | **5.35** | **4.98** | **5.47** | **5.19** |
| Корпоративен сектор | 5.36 | 5.26 | 5.75 | 5.73 | 5.50 | 5.71 | 5.39 | 5.30 | 5.21 | 5.25 | 4.73 | 5.57 | 5.16 |
| Домаќинства | 5.25 | 5.27 | 5.32 | 5.24 | 5.47 | 5.28 | 5.35 | 5.02 | 5.26 | 5.45 | 5.40 | 5.33 | 5.26 |
| **Вкупни депозити** | **1.22** | **1.40** | **1.50** | **1.55** | **1.59** | **1.67** | **1.74** | **1.79** | **1.72** | **1.76** | **1.80** | **1.82** | **1.86** |
| Корпоративен сектор | 1.92 | 1.99 | 2.02 | 2.08 | 1.94 | 1.96 | 2.23 | 2.06 | 2.07 | 2.08 | 2.12 | 2.11 | 2.21 |
| Домаќинства | 1.15 | 1.34 | 1.44 | 1.50 | 1.55 | 1.64 | 1.69 | 1.76 | 1.69 | 1.73 | 1.76 | 1.79 | 1.81 |
| **Новопримени депозити** | **1.93** | **2.70** | **2.21** | **2.17** | **2.15** | **2.32** | **2.28** | **2.37** | **2.22** | **2.31** | **2.46** | **2.54** | **2.36** |
| Корпоративен сектор | 1.50 | 2.11 | 1.57 | 1.81 | 1.65 | 1.51 | 1.71 | 2.19 | 2.02 | 2.19 | 2.52 | 2.61 | 2.38 |
| Домаќинства | 2.18 | 2.87 | 2.40 | 2.32 | 2.40 | 2.57 | 2.46 | 2.42 | 2.30 | 2.35 | 2.42 | 2.52 | 2.36 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, во мај 2024 година, забележа месечен пад од 0,04 п.п. и изнесува 5,31%. Падот е резултат на намалените каматни стапки на сите компоненти и тоа: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,06 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно). Анализирано на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор бележи раст од 0,50 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 5,16% и на месечна основа е намалена за 0,41 п.п. Надолната промена произлегува од намалените каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула, при раст на каматните стапки на кредитите во странска валута и на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,08 п.п. и 0,07 п.п., соодветно). Во споредба со мај минатата година, оваа каматна стапка е намалена за 0,20 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Кај просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во мај, е забележано месечно зголемување од 0,10 п.п. и изнесува 2,21%. Притоа, промената се должи на зголемените каматни стапки на депозитите во странска валута (за 0,36 п.п.) и на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.), додека каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула се непроменети. На годишна основа, оваа каматна стапка бележи раст од 0,29 п.п.

- Овој месец, каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор изнесува 2,38% и е намалена за 0,23 п.п. Надолната промена е одраз на падот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,21 п.п.), при раст на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,40 п.п. и 0,33 п.п., соодветно). Годишниот раст на каматната стапка на новоопримените депозити на корпоративниот сектор изнесува 0,88 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

- Во мај, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата изнесува 5,65% и на месечна основа е непроменета. Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка е зголемена за 0,31 п.п.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, овој месец, оствари месечно намалување од 0,07 п.п. и изнесува 5,26%. Надолната промена е резултат на намалените каматни стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,11 п.п. и 0,03 п.п., соодветно), во услови кога каматните стапки на кредитите во странска валута се зголемени (за 0,27 п.п.). Во споредба со истиот месец минатата година, оваа каматна стапка е зголемена за 0,01 п.п.

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

- Овој месец, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата, изнесува 1,81% и на месечно ниво е зголемена за 0,02 п.п. Месечното зголемување се должи на повисоките каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула се намалени (за 0,03 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка е зголемена за 0,66 п.п.

- Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6], во мај, изнесува 2,36% и е намалена за 0,16 п.п. во однос на претходниот месец. Анализирано по валута, месечната промена е резултат на падот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на депозитите во странска валута (за 0,22 п.п. и 0,08 п.п., соодветно). Во мај, банките и штедилниците не евидентирале новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е повисока за 0,18 п.п. во однос на мај претходната година.

***

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 јули 2024 година (референтен пресек заклучно со јуни 2024 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.